**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-125

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Смурфит Вестрок плц, со седиште на Бееч Хилл, Клонскеагх, Даблин 4, Ирска, доставено преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 17.09.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Смурфит Вестрок плц, со регистрирано седиште на Бееч Хилл, Клонскеагх, Даблин 4, Ирска стекнува единствена контрола над ПОКАРТ спол. с р.о., со регистрирано седиште на Јосефа Скупи 1708/12, Поруба 708 00 Острава, Чешка Република, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 21.08.2025 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на Смурфит Вестрок плц, со регистрирано седиште на Бееч Хилл, Клонскеагх, Даблин 4, Ирска, со која Смурфит Вестрок плц, ќе стекне 100% од уделите и единствена контрола над ПОКАРТ спол. с р.о., со седиште на Јосефа Скупи 1708/12, Поруба 708 00 Острава, Чешка Република.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Смурфит Вестрок плц е холдинг компанија во рамки на групацијата на компании Смурфит Вестрок (*Smurfit Westrock Group*) ("**СВ Груп**" ("*SW Group*")). СВ Груп е еден од водечките добавувачи на решенија за пакување на хартија во светот. Нејзините производи за пакување, кои се обновливи и произведени одржливо, го подобруваат еколошкиот отпечаток на своите клиенти.

Смурфит Вестрок плц работи во секторот за пакување од хартија, и нуди широк спектар на одржливи производи за пакување и хартиени материјали за комерцијална и индустриска употреба. Деловните цели на компанијата опфаќаат дизајн, производство и продажба на решенија за пакување и сродни материјали, со активности што опфаќаат брановидна амбалажа (на пр. контејнери, дисплеи), пакување за широка потрошувачка (на пр. преклопни картони, цврста амбалажа, брзи поштенски пакети), производство на хартија (на пр. картон за пакување, картонска амбалажа, крафт хартија, графичка табла, цврста картонска плоча), специјално пакување од хартија (на пр. хартиени вреќи), шумарство и снабдување со суровини (вклучувајќи обновени влакна, набавка на дрво и управувани плантажи.

Смурфит Вестрок плц нема никакви субјекти или средства во Северна Македонија и генерирал приходи само од прекугранична продажба на клиенти во Северна Македонија во 2024 година.

ПОКАРТ спол. с р.о. е чешки производител и продавач на пакување од хартија, вклучувајќи брановидни и небрановидни производи.

ПОКАРТ спол. с р.о. не е активен во Северна Македонија, односно нема поврзани друштва, подружници или претставништва и не генерира никакви приходи во Северна Македонија

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**